# ЗАШТИТЕНИ НА ФЕЈСБУК




**Најпрво треба да се истакне дека најдобрата заштита од објава на злонамерни содржини на социјалната мрежа „Фејсбук“ е претпазливоста. Важно е добро да размислите пред да кликнете на линковите во пораките од пријателите или на линковите за инсталација на апликации.**

На сомнителните содржини не треба да им верувате, дури и ако се испратени од пријатели бидејќи токму на тој начин се испраќаат сите пораки со злонамерни содржини/вируси. Различните понуди, како што се бесплатни купони, речиси секогаш се еден вид измама.

## Мерки за заштита

Вклучи употреба на шифриран https протокол под Насловна - gt; поставки - gt; Преференции на профилот - gt; Сигурност (безбедно пребарување). На истото место означи „известување за пристап“ што значи дека социјалната мрежа „Фејсбук“ ќе те информира преку електронска пошта секогаш кога некој ќе се приклучи од компјутер кој не е користен претходно или од него е избришана датотеката Cookie.

## Безбедна лозинка

Не е безбедна секоја лозинка. Користењето на безбедни лозинки, составени од најмалку 8 знаци кои вклучуваат голема/мала буква, интерпункциски и други знаци и броеви е низата која се препорачува како услов за безбедност на податоците на интернет. Исто така, не поврзувај ја лозинката со лични податоци (датум на раѓање, име/презиме, број на училишно досие ...) дури и да направиш пермутација на тие броеви. Причината е што хакерите користат алатки кои ги пробуваат сите можни комбинации на знаци во низата на една лозинка со помош на личните податоци кои ги имаат на располагање за тебе, односно кои си ги објавил на социјалните мрежи.



## Редовно надградување

Една од основните мерки на заштита е редовно одржување на антивирусен софтвер. Ова е особено важно ако пристапувате кон социјалните мрежи од мобилен телефон, користејќи ја мобилната апликација на „Фејсбук“.
Со цел заштита на безбедноста и приватноста од несакани покани или следбеници на вашиот профил постои можност за блокирање на корисници или групи.
Оваа опција се нагодува преку последната опција од страницата за поставки за приватност преку блокирање на лица или апликации (во оригинал Blocked People and Apps).
Овде има 3 нивоа на ограничување на пристапот за интеракција со вас.
Овие три начини се:
1. Опцијата блокирање на корисници (во оригинал Block users). Со оваа опција се врши директно блокирање на лица и интеракцијата со нив е возможна само низ заедничко членување во одредени групи или апликации кои се заеднички.
2. Опција за за блокирање на покани од апликации (во оригинал Block app invites). Со оваа опција се врши директно блокирање но на одредени апликации.
3. Опција за блокирање на покани за настани (оригинал Block event invites). Со избирање на оваа опција се врши блокирање на поканите испратени до вас за одредени настани и манифестации.
Доколку сакате да го ограничите пристапот до информациите кои ги споделувате со одредени пријатели, имајте на ум дека блокирањето е само една од опциите.

Во соработка со Дирекцијата за заштита на личните податоци
ДЗЛП

Проектот е финасиран од ЕУ